РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр. 09-5127/1
21. 12. 2017 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за Локална самоуправа,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/2002), член 113 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Кавадарци,, бр.08/05), Градоначалникот на општина Кавадарци на ден 19.12.2017 година , донесе

# ПРАВИЛНИК
## КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се определуваат условите,начинот и постапката на стекнување право за користење на патничко возило во лична сопственост за службени цели, за Градоначалникот и вработените во општинската администрација на Локална самоуправа Кавадарци.

Член 2

Средствата за користење на патничко возило во лична сопственост за службени цели можат да се користат во согласност со намените утврдени во овој Правилник.

Средствата за користење на патничко возило во лична сопственост за службени цели треба да се користат наменски и рационално..

### 2. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

Член 3

Средствата за користење на патничко возило во лична сопственост за службени цели се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кавадарци Програма – АО,ЕО .

Трошоците за користење на патничко возило во лична сопственост за службени цели се обезбедени од Буџетот на Општина Кавадарци.

Член 4

Средствата за користење на патничко возило во лична сопственост за службени цели може да се користа за следните цели :

- кога службеното возило сопственост на Општината е ангажирано за други службени цели за потребите на Општината, во земјата и во странство;
- кога Градоначалникот е на службен пат поврзан со ноќевање, а нема обезбедено ноќевање за возачот на Градоначалникот;
- кога службеното возило сопственост на Општината е неисправно, а потребата од службено патување е неодложна;
- кога службениот шофер е отсутен од работа , поради користење на годишен одмор, боледување и сл.

### 4. ОВЛАСТУВАЊЕ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ

Член 5

За користење на патничко возило во лична сопственост за службени цели одлучува Градоначалникот или овластено лице од Градоначалникот.

Член 6

Вработеното лице во општината задолжено за подигање и издавање на верна картичка врши издавање на верна картичка на лицата овластени за користење на патничко возило во лична сопственост за службени цели врз основа на решение потпишано од Градоначалникот или овластено лице од Градоначалникот.

Член 7

При секоја набавка на гориво и изготвување на фискална сметка,овластеното лице кое користи сопствено возило за службени цели е должно да побара од продавачот да се внесат следните податоци:

-Марка на автомобилот;
-Регистерски број;
-Корисник;
-состојба на километража

Овластеното лице кое користи сопствено возило за службени цели е должен фискалната сметка да ја потпише и истата да ја приложи при раздолжувањето.

Член 8

При раздолжување овластеното лице за користење на сопствено возило за службени цели приложува :

-фискална сметка
- патен налог
-Марка на автомобилот;
-Регистерски број;
-Корисник;
-Возна локација;

Член 9

Потребни документи за раздолжување на картици за гориво:

-сметкопотврда потпишана од возачот, вработен или овластен во Локална самоуправа со фискална сметка со следните податоци:
-Датум, количина, цена и вкупен износ со ДДВ;
-Регистерски број на возило
-наслов на Секторот

Член 10

Постапки при раздолжувањето на боновите за гориво, отпочнуваат со издавање:
- Патен налог за користење службено возило авторизиран од одговорно лице, во кој задолжително треба да се внесат следните податоци:
-Марка на автомобилот;
-Регистерски број;
-Корисник;
-Возна локација;

## 5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Одлуката за определување на право за користење на сопствено возило за службени цели бр.08-2028/1 од 06.07.2007 година.

Член 12

Овој Правилник вкегува во сила со денот на донесувањето.

Општина Кавадарци

Градоначалник
м-р Митко Јанчев